Република Северна Македонија

**Министерство за култура и туризам**

*Сектор за управен*

и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Kulturës dhe e Turizmit**

*Sektori i Mbikëqyrjes*

Administrative dhe Inspektuese

Здружение на Власите на општина Гевгелија
МЕГЛЕНИЈА УМА
Бр. 03-01/2
18.03. 2025 год.
Гевгелија

Архивски знак
Shenja arkivore:
Рок на чување:
Afati i ruajtjes:
20 година viti
Потпис Nënshkrimi

# З А П И С Н И К
## за извршен инспекциски надзор

**Ип 1 бр. 57-14**
**Датум: 13.03.2025 година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Здружение на Власите на општина Гевгелија МЕЛЕНИЈА УМА, Гевгелија (**во натамошниот текст: Здружение)** |
| Седиште/адреса на субјектот | ул.„Маршал Тито“ бр.2, Гевгелија |
| Адреса за е-пошта | meglenija@yahoo.com |
| Телефон | ( |
| Матичен број на субјектот | 5980216 |
| Даночен број на субјектот | 4006004117878 |
| Жиро-сметка | 300100000043390 |
| Банка депонент | Комерцијална Банка, А.Д. Скопје |
| Одговорно лице на субјектот: | |

| | | |
|---|---|---|
| претседател | Телефон | Е-пошта meglenija@yahoo.com |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | <u>2. ВОНРЕДЕН</u> | 3. КОНТРОЛЕН | |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 12.03.2025 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | | 11.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 13.03.2025 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | | 14.00 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | НИП „Нова Македонија“ службени простории на Сектор за управен и инспекциски надзор - Скопје | | | |
| Приоритетна дејност на | Дејности на други организации, фондации и здруженија на граѓани (шифра: 94.99) | | | |
| Адреса на објектот- | ул. „Св. Кирил и Методиј “ бр. 51 – Скопје | | | |

| | |
|---|---|
| инсталацијата каде се врши надзорот | |

**3) Инспекциски надзор е извршен врз основа на:**

-Налог Ип.1 бр. 57-14 од 6.3.2025 г., издаден од раководителот на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК – главен инспектор, а во врска со иницијативата бр. 21-1159/1 од 12.2.2025 г., доставена од Секторот за дејности од областа на културата и уметноста во МКТ, за недоставен Наративен и финансиски извештај за реализација на проектот „Национален ден на Власите-2024“.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: Верица Станкова, советник - инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура.

5.)**Предмет на инспекцискиот надзор,** којшто е планиран со Месечниот план за работа дел. бр.57-953/2 од 4.3.2025 г., на Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура и туризам на РСМ за м.март од аспект на примена на член 68 од Законот за културата, односно наменското користење на средствата, доделени од Буџетот на РСМ, преку Министерството за култура и туризам за финансирање на проектот **„Национален ден на Власите-2024“** согласно со Договорот бр. 21-3725/1 од 13.3.2024 г.за учество во финансирање на проект од национален интерес во културата од областа на фолклорната и сценско-уметничка дејност за 2024 г. и постапување по обврската во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот/проектите до МКТ да биде доставен извештај за реализација, кој содржи наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства за реализација на Проектот, договори, сметки, фактури, банковни изводи, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање.

**Основ:** член 82 став (1) и член 68 од **Законот за културата** („Сл. весник на РМ” бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 23/19), а во врска со член 71 став (1) од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ” бр. 102/2019).

**6.)Во извршувањето на овој инспекциски надзор:**

Не се употребени листите за проверка, од причина што станува за вонреден инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор согласно со член 70 став 3 од Законот за инспекциски надзор.

**7.)За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:**

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| претседател | | meglenija@yahoo.com |

**8.)За време на извршувањето на инспекцискиот надзор не беа присутни други лица.**

9.) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор, му ги презентира целите и предметот/опфатот на вонредниот инспекциски надзор и му ги објаснија правата и обврските на присутното лице, субјектот на надзор.

10.)Во инспекцискиот надзор се констатирани следните **наоди за утврдената фактичка состојба:**

- Со Решението за прифаќање на проектот Уп 1 бр. 3096/2023 од 12.2.2024 година, бил избран Проектот **„Национален ден на Власите-2024"**, како проект од национален интерес во културата за 2024 година и се одобрени средства за истиот во износ од 90.000 денари и тоа за следниве намени:Пропаганден материјал (фотографии, плакати, флаери, ЦД, запалки и пенкала), Сместување на учесниците и гостите, Храна за учесници/гости на манифестацијата.

Согласно со член 3 став (1) од Договорот според којшто, меѓудругото е предвидено преведувањето на финансиските средства од страна на МК да се врши во согласност со доставено писмено барање од страна на корисникот за исплата на средства, изјава за наменско користење на средствата и соодветни договори (авторски и изведувачки), како и **оперативниот и финансиски план за реализација на проектот, односно за користење буџетски средства** пополнет на образецот објавен на веб-страната на МК, утврдено е дека на 5.4.2024 година Здружението до МКТ се обратило со барање бр.03-01/3 за исплата на одобрените средства за реализација на горе наведениот проект, како и повторно со барање бр.03-01/17 од 9.10.2024 г.,на одобрените средства во знос од 90.000 денари, заведено со приемен штембил на МК бр.21-5182/1 од 11.4.2024 година и бр.21-3725/2 од 16.10.2024 година.

- Во однос на обврската од **член 68 став (3) од Законот за културата** и член 5 став (4) од Договорот, во рок од еден месец сметано од денот на завршувањето на Проектот (забелешка: според членот 5 став 1 од Договорот заклучно со 20.11.2024 г., а по исклучок доколку постојат објективни причини заклучно со 31.12.2024 г.), до МК да биде доставен **извештај за реализацијата на проектот**, кој содржи: наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства (Образец-Финансиски извештај за реализација на

Проектот, достапен на веб-локацијата на МК), договори, сметки, фактури, банкови изводи, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, Здружението до МК нема **доставено наративен и финансиски извештај за реализација** на Проектот **„Национален ден на Власите-2024“**, за што при надзорот на присутното лица беше УКАЖАНО од страна на инспекторот за доследно спроведување на обврската од член **68 став (3) од Законот за културата** и член 5 од Договорот.

**Користење на одобрените средства од Програма – Фолклорна и сценско-уметничка дејаност**

Согласно со Договорот бр. 21-3725/1 од 13.3.2024 г., за учество во финансирање на Годишната програма за работа од национален интерес во културата за 2024 г., од Буџетот на РСМ, преку МКТ на Здружението му биле одобрени 90.000 денари, а со Решението бр.21-3725/3 од 28.10.2024 г., од Буџетот на РСМ, преку МКТ на жиро - сметката на Здружението авансно се преведени **72.000 денари,** за **Проектот - „Национален ден на Власите-2024“**,и тоа за Пропаганден материјал (фотографии, плакати, флаери, ЦД, запалки и пенкала), Сместување на учесниците и гостите, Храна за учесници/гости на манифестацијата.

При надзорот беше утврдено дека Здружението има средства и од сопствени извори за реализација на проектот.

Трошењето на авансно преведените средства во износ од **72.000,00 денари**, се прикажани во следниот табеларен преглед:

| Ред. бр. | Доверител | Намена | Износ | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | АД ФЕРШПЕД,Скопје Хотел Александар Палас , Скопје | Ресторански услуги – храна за настан Национален ден на Власите | 70.000 | По ф-ра бр.44-000463-24-D од 27.12.2024 г., (банковен извод бр.75 од 27.12.2024) |
| 2. | ДПТУ БАКАРДИ ДУО ДООЕЛ,Гевгелија | Кетеринг услуга | 20.000 | По Ф-ра бр,027 од 30.11.2024 г., (банковен извод бр.76 од 31.12.2024) |
| | **Вкупно: авансно исплатени 72.000 денари** | | **90.000 денари** | **Износот над одобрените средства е од сопствени извори на Здружението** |

Од увидот во презентираната документација е утврдено дека Здружението го реализирало горе наведениот проект на 23.05.2024 г., во 19 часот во Хотелот Александар Палас во Скопје за истото на инспекторот миу беше презентирана

покана како и Потврда за реализиран настан од Хотелот Александар Павас во Скопје од 6.3.2025 година со печат и потпис како доказ за реализација на Проектот **„Национален ден на Власите-2024"** на кој присуствувале 200 гости, меѓукои имало и владини претставници, дипломатски преставници и преставници на политичките партии на РСМ.
При надзорот, беше утврдено дека авансно преведените средства од страна на МК, во износ од 72.000 денари Здружението ги потрошило наменски.

**Врз основа на непосредниот увид во горенаведената документација, како и разговорот со присутното лице:**

**1.Утврдени се следните неправилности во работењето на субјектот на надзорот, за што ќе бидат преземени следните мерки:**

**- од аспект на примена на член 68 став (1) и (2) од Законот за културата, односно за авансно преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МКТ, во износ од 72.000,00 денари, Здружението на Власите на општина Гевгелија МЕЛЕНИЈА УМА, Гевгелија, наменски ги потрошило, за реализација на проектот –„Национален ден на Власите-2024".**

**- При надзорот, беше утврдено дека Здружението до МКТ нема доставено наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот–„Национален ден на Власите-2024", поради што инспекторот ќе ја превземе следнава инспекциска мерка: имајќи го предвид начелото на превенција утврдено во Законот за инспекциски надзор ќе донесе решение, со коешто субјектот на надзорот ќе се опомене во определен рок да го отстрани утврдениот недостаток (односно да достави уредно потполнет образец за наративен и финансиски извештај фактури, банковни изводи, како и Потврдата за реализиран настан, слики и др., како доказа за реализација на проектот) од аспект на примена на член 68 став (3) од Законот за културата.**

11)Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаено одговорното лице на Здружението, односно субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

12)Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

- ______________________________________________________________________________

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | претседател | Печат и потпис на инспекторот за култура: | Верица Станкова |
| Датум: | ______3.2025 г. | Датум: | 13.3.2025 г. |

Доколку претставникот на субјектот на надзорот одбие да го потпише записникот, да се наведат причините

______________________________________________________________________________